**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јули 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 15,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Бранко Црвенковски, Илија Ѓорѓиев, Димитар Бузлевски и Илија Илоски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

По предлог на предлагачите, Предлог на одлуката за основање на Национална комисија за борба против недозволена трговија со опојни droги и нивна злоупотреба во Република Македонија, ќе биде разгледана на една од наредните седници на Собранието.

Исто така на една од наредните седници ќе го разгледаме и Предлогот на одлуката за утврдување состав на Националната комисија за борба против недозволената трговија со опојни droги и нивна злоупотреба во Република Македонија.

Преминуваме на 14-тата точка.

Госпоѓата Ѓулистана Марковска има процедурално прашање.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа што се очекува да има поголема расправа по оваа точка, јас би замолила, доколку е можно и доколку Собранието се согласи, а има голем број на одлуки кои веќе поодамна се поставени, а се работи повеќе за огласување на избор на судии, на претседатели на судии, некои комисии на повеќе управни одбори, па би замолила Собранието да ги донесе сите овие одлуки, за да можат истите да се отпечатат и испратат таму каде што е нужно, а оваа точка 14 да ја разгледаме после овие одлуки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме предлог точката 14 да ја гледаме на крај.

Дали Собранието се согласува со овој предлог.

Молам да гласаме,

70 пратеници гласаа за, тројца пратеници воздржани и тројца пратеници се против.

Според тоа точката Ј4 ќе ја разгледаме како последна точка на оваа седница.

Минуваме на 15-та точка од дневниот ред Предлог на одлука за надоместок на трошоците за избор на пратеници на организаторите на изборната кампања, чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Овде на мојот екран фигурираат две имиња и тоа Љубомир Поповски и Петар Гошев.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Сега не се актуелни. Тоа беше за минатата седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш можете да го избришете тоа, со тоа што уште еднаш ќе избришете.

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на предлогот на одлуката и на точката 1 и 3, со кои се согласил претставникот на предлагачите и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања, чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 16-та точка Предлог на Одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам. општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласуваше избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Преминуваме на 17-та точка - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, тројца се воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Битола.

Преминуваме на 18-та точка - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и 1 е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд во Битола.

Преминуваме на 19-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Природно -математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, двајца пратеници воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Природно -математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Преминуваме на 20-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Техничкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, тројца се воздржани и 6 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Техничкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Преминуваме на 21-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струмица.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, 4 се воздржани и 5 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струмица.

Преминуваме на 22-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Предлогот на одлуката л дописите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 1 е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Пехчево.

Преминуваме на 23-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Берово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, е воздржан и тројца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Берово.

Преминуваме на 24-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, тројца се воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Преминуваме на 25-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "9-ти Ноември" - Велес.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, тројца се воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на»Јавната здравствена организација Аптека "9-ти ноември"-Велес.

Преминуваме на 26-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември" - Дебар.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, двајца се воздржани и тројца пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови ан Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "30 Ноември" - Дебар.

Преминуваме на 27-та точка - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" -Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и 7 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" -Скопје.

Преминуваме на 28-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и 9 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Преминуваме на 29-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за учители и воспитувачи - Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, воздржани нема, и 8 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именуваше претставници на Републиката во Советот на Факултетот за учители и воспитувачи - Битола.

Преминуваме на 30-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, воздржани нема и 8 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Преминуваме на 31-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Струмица.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, тројца пратеници се воздржани и тројца се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Струмица.

Преминуваме на 32-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природни лекувалишта "Бања Бањско" - Струмица.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, тројца се воздржани и 1 е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природни лекувалишта "Бања Бањско" - Струмица.

Преминуваме на 33-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа за, двајца пратеници се воздржани и двајца се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Дами и господа Пратеници се враќаме на 14-та точка - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Збор побара најнапред госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Дозволете ми во името на СДСМ да го образложам ставот по предложената одлука и начинот на кој СДСМ, односно неговата пратеничка група ќе гласа по ова прашање.

Според Уставот на Република Македонија Анкетната комисија се формира за утврдување на политичка одговорноста на актуелни носители на јавни функции. Но, и покрај тоа познато е дека пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз ја поддржа иницијативата за формирање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки во претходен период, што значи во периодот од 1991 до 1998 година. Со одлуката за формирање на Анкетната комисија, на истата и беше дадена задача да ја заврши својата работа до 15 декември 1998 година, а потоа со самото барање на Комисијата за продолжување на овој рок до 15 февруари, односно до 15 април, се обелоденија намерите на парламентарното мнозинство, а тоа е темите за наводните злоупотреби во јавните набавки да ги држи како дежурна тема и да ги активира по потреба за политички пресметки со опозицијата секогаш кога треба да се покријат некои од бројните погрешни чекори на актуелната власт, кои со право ја вознемируваат и ја загрижуваат македонската јавност. Тактиката да се обнародуваат записници за јавните набавки во министерствата и во јавните установи еден по друг, во целост ќе ги разоткрива ваквите намери на парламентарното мнозинство. Тоа е случај и со последниот записник, кој е објавен после истекувањето на мандатот на Комисијата, а ако се продолжи со оваа практика може да очекуваме наредните месеци, наредните години, да се конструираат вакви записници за сите министерства, за сите јавни претпријатија, за сите буџетски корисници, односно за сите граѓани, кои што не и припаѓаат на моменталната политичка опција на актуелната власт. Нормално тоа се ќе трае до крајот на мандатот на ова Собрание.

Затоа Комисијата во овој период профункционира како истражен орган, како обвинителство и како суд во исто време и со тоа ја суспендира нивната уставна и законска функција, а и правната држава во целина.

Ако при јавните набавки во министерствата во јавните установи, во буџетските институции имало непочитување на законската регулатива и процедурите, тогаш институциите задолжени за утврдување на материјалната вистина и санкционирање на евентуалните прекршувања треба да постапат според своите законски овластувања. Наместо нив, Комисијата ја презеде таа функција и сите останати функции одеднаш и со ваквиот начин на работа таа дејствува надвор од своите уставни овластувања, спрема кои треба да изврши директно анкетирање и тоа во присуство или на анкетираните, или на нивни претставници.

Спротивно на тоа Анкетната комисија само ги разгледува записниците од инспекциите кои се исто така формирани спротивно на правилниците за инспекција и повторно без присуство на анкетираните, или на нивни претставници. Уште повеќе Комисијата ги разгледува нивните вака нерегуларно подготвени записници без забелешките, кои согласно соодветната законска регулатива мора и може да ги дадат анкетираните.

Затоа оваа комисија вон процедура се потпира само на записниците од инспекциите, а не и на соодветните забелешки, со кои наводните наоди ќе се повијат речиси целосно. Понатаму Комисијата со ваквите свои постапки пресудува пред утврдување на материјалната вистина, директно ги суспендира овластувањата на соодветните институции и се обидува да ги дискредитира претставниците на опозицијата со досега невидени конструкции, лаги и подметнувања.

Целта на ваквите постапки нам и на јавноста ни е сосема јасна, треба да се замолчи опозицијата, треба да се оневозможи да ги искажат своите ставови во врска со мерките што актуелната власт ги превзема во изминатиот период и на внатрешен и на надворешен план, а кои како што веќе е познато предизвикуваат долгорочни штетни последици и по сегашноста и по иднината на Македонската држава, за што и македонската јавност е загрижена.

Од овие причини, што значи поради уставно изместената позиција на оваа комисија, поради нејзината вон процедурална работа, а во знак на протест против ваквите политички пресметки против нарушувањето на угледот и моралниот интегритет на членовите на опозицијата, но и на други личности без било какви аргументирани и изведени докази, а со цел да не бидеме соучесници во ваквото искривоколчување на институтот наречен Анкетна комисија, пратеничката група на СДСМ одлучи како што веќе ви е познато, да ги повлече своите претставници од Комисијата, со тоа а од сите причини кои што претходно беа наведени понатамошната работа на оваа комисија што значи и продолжувањето кое што согласно со оваа одлука несомнено ќе се случи, ја сметаме и за вон процедурална и затоа и за нелегитимна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Анкетната комисија ја даде Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки, а воедно даде и образложение кое што вие сите го поседувате, зошто се бара пролонгирање на овој рок. Анкетната комисија на својата Петта седница, анализирајќи ја состојбата со извршените испитување на јавните набавки кај одделни

субјекти, а со цел успешно да ја заврши својата работа, заклучи дека е неопходно да се пролонгира рокот за доставување на нејзиниот конечен извештај до Собранието на Република Македонија најдоцна до 31.12.1999 година. Поаѓајќи од тоа дека, се зголеми бројот на субјектите кај кои што Анкетната комисија има за задача да ги испита јавните набавки, а и некои од материјалите кои што беа доставени до неа, беа со ознака строго доверливи, што бараше посебен начин на нивно обработување, односно членовите на Комисијата истите ги обработуваа во просториите на Собранието на Република Македонија, што се заедно предизвика потреба од продолжување на рокот за завршување на работата на Комисијата и доставување на нејзин извештај до Собранието на Република Македонија, врз основа на сето тоа со поднесената Предлог - одлука се предлага рокот за поднесување на конечниот извештај од страна на Анкетната комисија до Собранието на Република Македонија да се продолжи до 31 декември 1999 година. На основ напред реченото од претходниот говорник се кажаа неколку работи за кои што во целост ги демантирам. Анкетната комисија најнапред е формирана во 12-ти месец, 15.12. и имаше рок да изготви до 15.02. и по барање беше пролонгиран тој рок до 15.04. Очигледно дека материјалите, обемот на овој материјал, рокот кој што е без малку 8 години и испитувањата на некаде околу 40-тина субјекти изискува огромен број на работа. Искрено да ви речам не сум можел да очекувам дека толкав обем на работа ќе има оваа комисија. Меѓутоа, за тоа кажуваат аргументите, кои што се доставени од субјектите, односно од анкетираните министерства. Основната задача на Анкетната комисија беше анкетирање на субјектите, односно на Владата на Република Македонија, јавните набавки кај Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и Парламентот. Меѓутоа, со додатната одлука која што ја донесовме овие ингеренции се проширија и кај јавните претпријатија и кај сите корисници на буџетски средства.

Почитувана господо од опозицијата, вашата вознемиреност е повеќе од очигледна. Причината за тоа не е Анкетната комисија, туку вие, во вашите носители на јавни функции во периодот додека бевте на власт. Во периодот додека бевте на власт впрочем се согласивте и за тоа гласавте да се изврши ревизија на јавните набавки, а длабоко сум убеден и најголем број од членовите на СДСМ ја бараат вистината за работењето на нивните поранешни министри, сопартијци додека беа носители на јавните функции, бидејќи истите тие се и најголемите виновници за губењето на власта на СДСМ и доведувањето на Македонскиот народ на кој што и членовите на СДСМ му припаѓаат, до ова дереџе. Дали мислевте дека кога гласавте за основање на оваа анкетна комисија, дали мислевте дека уште еднаш Собранието ќе конституира комисија која што нема да ја заврши работата. Јас немам таква намера, имам намера да ја завршам дадената задача од страна на пратениците на Собранието на Република Македонија. Ги повлековте членовите од Анкетната комисија и со тоа им помогнавте на двајцата членови кои што беа во Анкетната комисија. И морам да ви кажам, ги спасивте од крајно непријатната положба што ја имаа. Од една страна гледајќи ги документите, фактите кои јасно зборуваат за незаконско работење, а од друга страна сопартијци се, мораме да се браниме, а во најмала рака да бидеме воздржани. Јасен аргумент гласањето при усвојување на извештајот од Министерството за внатрешни работи, на гласањето сите присутни гласавме, немаше ниту еден против. Што е многу битно претставниците на СДСМ членови на Комисијата гласаа воздржано. Сакам да го потенцирам следното, Анкетната комисија не е суд што сакате вие во сите ваши настапи да го прикажете. Оваа комисија на основа на доставените документи од анкетираните субјекти, донесува заклучоци кои што ги доставувана усвојување до Собранието на Република Македонија. Во заклучоците донесени од Анкетната комисија се наведуваат предмети кај кои што постои сомнение дека има пречекорување на овластувања, или злоупотреба на службена должност на носителите на јавни функции. Собранието на Република Македонија ги усвојува заклучоците и истите ги доставува до правосудните органи на Република Македонија. Тоа е препораката на Анкетната комисија, а извештаите ќе бидат доставени на усвојување во ова Собрание и доколку бидат усвоени ќе продолжат во правосудните органи. Впрочем македонскиот граѓанин заслужува да знае кој, каде и како и зошто го трошел неговиот денар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина имаме предмет на расправа продолжување на мандатот на членови на Анкетната комисија и искажавме свое мислење од пратеничката група на СДСМ, меѓутоа во излагањето на претседателот Чедо Петров кој беше на говорницата се искажаа и некои работи, кои сакам да ги коментирам како член на Анкетната комисија, зошто и како ја напуштивме Комисијата, не од тоа како тој што искажува, меѓутоа од начинот на кој почна да работи Анкетната комисија.

Прво, баравме Анкетната комисија да поднесе барање за продолжување на мандатот на Анкетната комисија, бидејќи ова Собрание на Анкетната комисија и даде мандат само до 15.04. Ние рековме веднаш да се побара продолжување на мандатот на Комисијата за да можеме да работиме, бидејќи навистина материјалите, обемот на материјалите бараат продолжување на

мандатот на Анкетната комисија. Но, додека Собранието не го продолжи мандатот на Комисијата, ние не можеме да работиме. Меѓутоа, и покрај нашето укажување Комисијата продолжи и вон одлуката на Собранието која гласеше до 15.04.1999 година да работи. Сметав како член на Комисија, како пратеник дека немам право во тој мандат да работам, а ќе имам право само кога ова Собрание ќе ми го продолжи мандатот. Тоа го поставив на Комисијата.

Второ, сакам да кажам за начинот на работа на Комисијата. Морам да кажам дека започнавме со разгледување на сите материјали кои беа дојдени од Министерството за внатрешни работи и тоа работевме многу напорно, работевме на испитување на секоја искажана подетално правилност или неправилност во работата на оваа комисија. Побаравме мислење од Министерството за внатрешни работи, побаравме мислење од министерот за внатрешни работи сега актуелниот, за тоа да се знае кои средства се буџетски, кои средства се од посебните фондови во тоа Министерство. Расправавме за сите набавки за кои постоело, или постоеше некакво сомнение, меѓутоа таа расправа беше од една страна наодите на внатрешната контрола во Министерството за внатрешни работи, од друга страна законските прописи кои важеле и ги споредувавме тие работи за да видиме дали навистина нешто има злоупотребено, или не. Дури она зошто е направена Анкетна комисија секогаш мора да се добијат мислења од двете страни. Побаравме мислења и од актуелните спомнати лица во извештаите на МВР. Еден од нив се огласи дека нема никаква политичка функција и дека Анкетната комисија според Уставот на Република Македонија ја испитува политичката одговорност. За другата одговорност си има надлежни органи во оваа држава, кои треба да си поведат постапка. Кога го усвојувавме заклучокот на Анкетната комисија, предложив исто така да стои дека личностите веќе не се наоѓаат на политички функции и дека тие не можат да носат политичка одговорност за која политичка одговорност пред ова Собрание се одлучува. Личностите за сите да се покрене редовна постапка, истражна, обвинителска и секаква. Така и се заклучи на Комисијата и само заради тоа што беа ставени имињата на лица кои не се носители на политички функции не сакавме да гласаме за, не сакавме да гласаме ниту против, бевме воздржани по ова што го реков.

Меѓутоа, кога дојдоа набавките во Министерството за одбрана одржавме една седница, па помина долго време не одржавме ниту една седница. Материјалите беа од строга доверливост и моравме да доаѓаме и да ги читаме и да ги проучуваме во просториите на Собранието. Ги проучувавме, ги читавме и одеднаш добиваме записници од инспекција формирана вонредно од потсекретар во Министерството за одбрана Митре Арсовски, не знам дали е уште потсекретар и тие записници кога дојдоа претходните што беа направени од инспекција сите беа доставени до сите сектори, дали е тоа сектор за логистика, дали е сектор за финансии, дали е сектор за здравство, дали е сектор за станбено. На сите тие записници тие сектори имавме добиено и одговори во кои стоеше, таа и таа забелешка не држи, држи, не држи.

И Анкетната комисија ако сакаше да ја врши работата, читајќи ги одговорите и читајќи ги записниците и од една и од друга страна и пред себе имајќи ги во предвид законските регулативи позитивни кои важеле во тој период. До донесување на Уредбата во 1996 година и до донесување на Законот во 1998 година, можеше релевантно да одлучува. Меѓутоа, одеднаш на Комисијата се поставуваат само записници од извршена контрола, формирана од Министерство за одбрана, се читаат заклучоци и се читаат имиња на одговорни лица за оваа работа ми се чини некаде околу 14 лица и одеднаш седницата се затвара. Меѓутоа, пред да почне тоа иако сите материјали беа од строга доверливост, а пратениците овие денови ги имаат добиено пак под наслов строго доверливо. На самата седница се симнува строгата доверливост и вика претставник на Министерството за одбрана не мора да бидат строго доверливи, нека се расправа. Сигурно дека на таа седница Комисијата не расправаше ништо, ги прочитавме, заклучивме дека ќе расправаме на некоја наредна седница. Меѓутоа, јавноста, новинарите кои беа присутни нормално сите овие заклучоци ги добија и ги пренесоа без Комисијата да утврди она за што е формирана. Дали може Комисијата да верува само на инспекторскиот надзор, дали овие инспектори навистина полковници и потполковници се навистина најстручни во оваа работа. Побаравме да не се работи на ваков начин, побаравме сите овие, а има некаде околу 70 предмети во материјалот само за логистика, логистичка поддршка, бидејќи на другите материјали на ваков начин не сакавме да одиме.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

И, да кажам, дека по ниеден од тој предмет не водевме расправа да кажеме зошто, на пример, се обвинува некој дека направил лична материјална корист. Направил лична материјална корист опремувајќи општествен стан, кој стан останал на Министерството за одбрана. Или да не ги наведувам другите, не сакам имиња, сакам да кажам дека не сакав и не сакам да учествувам во работа во која еден инспекциски орган ќе ми наложи да ги прифатам сите негови забелешки, без да добијам одговор од надлежните сектори, без да ја ставам пред себе правната регулатива. Во правната регулатива постои и во Уредбата за јавни набавки и во Законот за јавни набавки дека, по основ на шест основи можат да се вршат непосредни набавки, итни случаеви кога се, вооружување кога е, кога имаме ексклузивен претставник, кога имаме

единствен испорачател на таа и да не ги набројувам сите.

Меѓутоа, тоа пред нас не го ставивме како Анкетна комисија, за да цениме дали навистина била некоја работа итна, туку го прифативме изгледа само она што го мислела инспекциската комисија. На таков начин не сакам да учествувам во таква работа, некој друг да го натура неговото мислење во самиот себе. Сакам да се расправа да се утврди и ако има основни сомневања, без да се навлегува да изигрaltavame обвинители, истражни судии и судии. Вака бевме доведени во ситуација да се прочитаат заклучоците, да се прочитаат имињата на личностите и седницата да се заврши.

Сметам дека не се работи за тоа, Анкетната комисија не ја заврши работата, прво морам да кажам дека самата Анкетна комисија во која и јас членував, побаравме што поширок круг на утврдување на јавните набавки и заборавивме дека имаме еден огромен период од 1991 до 1998 година, заборавивме се што има да се работи и дека таа работа не се завршува бргу. Меѓутоа не можеме да заборавиме да работиме вон нашиот мандат и не може да заборавиме дека ќе работиме вон законските, позитивните законски прописи кои важеле. Ако можело со непосредна спогодба или со непосредна набавка да се врши во итни случаи, така било во уредбата, така во Законот, ние тоа мора да го почитуваме, како што денеска почитуваме дека стратешки партнер може да купи, не ОКТА, може да купи многу работи без тендер. Меѓутоа, така го донесовме законот и на тоа мораме да се повиниме сите и мора тоа да го почитуваме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојковски Благој.

Дали уште некој друг бара збор?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Јас само на кратко, бидејќи на денешната седница не е анализа на работата и извештајот на Анкетната комисија, да најавам дека извештајот за двете министерства МВР и Министерството за одбрана, како и уште три субјекти кои што се анкетирани, збирниот извештај за овие пет субјекти ќе бидат дадени за првата наредна седница на Собранието на Република Македонија, па тогаш ќе дискутираме.

Меѓутоа, морам да напоменам и да кажам, бидејќи господинот претходниот говорник беше и член на Комисијата, ние по наше барање уште на првата односно на втората седница кога ги доставивме до министерствата, министерствата, Владата и Собранието на РМ формираа комисии, кои што ги анализираа овие периоди јавните набавки во овој период од 1991 до 1998 година. Врз основа на нивните извештаи, најнапред Министерството за внатрешни работи на основ на нивниот тим кој што работел на материјалите, работевме и ние анкетната комисија.

Меѓутоа, овие извештаи целокупно беа покриени со документација доставена кон извештаите од соодветното тело кое што вршеше анализа, односно кое што правеше проверка на јавните набавки во соодветното министерство.

Исто така во Министерството за одбрана е формирана комисија. Ние имавме материјали кои што стојат во трезорот во собраниската просторија каде што работеше Анкетната комисија и тие материјали се и денес таму. Записниците се додатен материјал, обработен од страна на инспекциската служба на Министерството за одбрана.

Прашањето беше дали може да веруваме само на инспекциска служба. Јас не знам на кого можеме да веруваме. Ако инспекциската служба доставила записник, ако се потпишани пет члена од инспекциска служба и ако покрај овие записници е доставен соодветен материјал односно пропратниот материјал на записникот, јас не знам на кого можеме да веруваме.

И на крајот ние не осудивме, не рековме дали се виновни, ние искажавме сомнение кое што од приложената документација е јасно видливо. Основано сомнение за злоупотреба на службената дејност и за пречекорување на овластувањата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петров Чедо.

За збор се јави господинот Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, дали ние не сакаме да го почитуваме правото, дали тоа нас не не разбира или ние него.

Овде основно што треба сами да се убедиме што е меѓу нас и правото проблемот. Ние имаме комисија со име и презиме, ја задолжуваме да направи тоа и тоа и да ни поднесе извештај до тој период. Никаде во ниедна одлука не стои дека Комисијата со денот на кој треба да ни поднесе извештај, дека престанала да работи. Ние имаме мандат отворен без време на траење, а задолжување да направи одредено дејствие. Сега се прашувам и сите да одговориме дали ќе застанеме на становиште дека времето, периодот за кој треба да се поднесе извештај и времетраење на мандатот на Комисијата или ќе го сметаме онака како што е напишано, до тој ден да не ни поднесе извештај. И, што ќе биде во тој случај? Ако Комисијата во определениот рок не поднесе извештај за она што го направила, Собранието има едно право, или да и продолжи мандат до кога тој извештај ќе го направи, или да ја распушти и да формира друг ако има потреба. Ние овде сега имаме за задача дали на оваа Комисија има потреба да и го продолжиме рокот за извештај или да ја распуштиме. Пошто не е спорно дека таа нема мандат на одредено време, Комисијата си останува во ист состав. Ако некои

ја напуштиле Комисијата, на нивното место ќе се додадат други или ако не сакаат да учествуваат тие сами си се лишуваат од правото на работење.

Според тоа, ве молам, да не правиме разлика дали Комисијата има мандат или нема за работа и мандатот за извештај. Во оваа смисла јас предлагам и тоа е единствено така исправно да застанеме на становиште, Комисијата има неопределен мандат односно до нејзино отповикување. Тоа е едно.

Второ, да одлучиме дали има потреба мандатот за извештај, односно период за извештајот до кога треба да го поднесе таа комисија до Собрание, да продолжи или не.

Мој предлог е да дадеме можност со оглед што господинот Чедо Петров јасно ни кажа со какви документи и со кои факти треба да се сретне во текот на работата, а што некои членови мислат дека вака треба да се примени или онака, во работата тие треба да учествуваат и да го искажат својот став. Ако кажат јас не учествувам, затоа што мислам дека правото е вакво, тогаш тој се лишил од свое право да учествува во работата и не може да наоѓа маана на друг што работи. Затоа што, во светот е усвоено правило тој што работи и греши. Ама, тој што не работи нема никаков одговор за него, не работи. Па, според тоа не може да најде грешка и на друг. А, некој што се научил дека не може да сфати да има некој друг поинакво мислење од нив, дека може да се толкува законот со екстензивно или рестриктивно значење, тоа е прашање за сам себе да одговори, а не да го наметнува на Собранието како единствено решение.

Јас го кажувам своето мислење, а вие ќе одлучите дали е моето решение исправно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Стојановски Томислав.

За збор се јави господинот пратеник Ханџиски Благој.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, вчера на излегување од Собранието ми пријдоа двајца сограѓани и побараа да поразговараме за некои информации, према кои да ги употребам квалификациите кои што беа промовирани на седниците на Анкетната комисија, еден наш колега од позицијата до лакти бил навлезен во криминал, ја крадел државата и со тоа и нанел големи финансиски штети. Си отидоа разочарани кога ги упатив со тие информации да ги запознаат надлежните органи во државата Ако, еве сега не водам сметка за уставно и законско уредената процедура со која што се изведуваат докази, дали тие наводи се вистините или не, ако тие наводи сега од говорницата јавно ги искажев, затоа што знаете дека пратеникот не може да одговара за тоа што ќе го искаже од говорницата и ако уште го споменав и името на колегата и на овој пример ќе се покажеше со каква леснотија денеска се произведуваат афери, се оцрнуваат луѓето, им се нарушува угледот, угледот на членовите на нивните семејства на институциите во кои што работат. Дури и во политиката која што е, како што викаат, многу валкана работа, безобзирните политички пресметки, ниту смее, ниту може да станат наша секојдневна преокупација и начин на однесување. Најверојатно заради некои однапред дадени инструкции тоа стана и делумна преокупација, а и начин на однесување на некои од членовите на Анкетната комисија. Ние, како што знаете, едногласно го поддржавме нејзиното формирање, за да ја утврди материјалната вистина за јавните набавки.

Во изминатиот период во услови во кој што таа проблематика долго време не беше воопшто уредена, а во еден период се уредуваше во, се до почетокот на минатата година, сепак колку толку во ресорите со кои се раководеше се работеше транспарентно и затоа има целосна документација.

Затоа сметавме дека, се создадени услови со работа на Анкетната комисија во рамките на уставните овластувања и процедурата дека ќе се дојде до материјалната вистина за јавните набавки, на која право има целокупната македонска јавност. Меѓутоа, уште на самиот почеток од нејзината работа, од начинот на кој што Анкетната комисија им пријде кон извршувањето на овие поставени задачи, се разоткрија вистинските намери на иницијаторите, а тоа е спротивно на уставните и законските овластувања со невистини, со досега невидени конструкции да се дискредитира опозицијата, да се девалвира работата и резултатите на некои од досегашниве функционери, да им се наруши угледот.

Затоа, почитувани колеги Комисијата со ваквиот приод кон поставените задачи смислено почна да ја заобиколува вистината и да го открива тоа што најверојатно однапред и било кажано да го открие, а тоа е да се изнајдат "докази" дека, се што се работело досега во државата било незаконско, дека тие што ја воделе државата ја воделе недомаќински и дека не се ништо друго, туку обични криминалци. Тие тези како што знаете, од поодамна и се познати на целокупната јавност, ако ништо друго, главно, барем во текот на жестоката кампања. Денеска, најверојатно, се очекува дека таа јавност повторно ќе поверува во ваквите конструкции, иако како што знаете и децата ни веруваат во тоа што им го зборувате, туку во тоа што го правите пред нивните очи. Така, веќе подолго време се прават обиди во јавноста и моето име и на многу други поранешни функционери да се поврзе со ваквото неодговорно, недомаќинско или како што е кажано во неколку случаи, штетно работење по државата.

Во врска со тоа сакам да укажам на следното. Од мене ни на сила не одговорен недомаќин или човек кој што ќе и наштети на државата не видов.

Прво, затоа што морам да бидам се друго само не тоа и затоа што цел живот работам и одговорно и домаќински и притоа за себе не сум спечалил ништо друго, како што нашиот народ вика, ниедна обична игла освен грижи, денонокна работа, нарушено здравје и т.н.

Второ, кога веќе го споменав народот, знам дека никој не може да го убеди во ваквите конструкции. Тој многу добро знае кој што прави и кој како прави и го има чувството да процени, кој ни на сон не може да помисли на криминал, а кому тоа му е во крвта.

Трето, многу е добро тоа што некој од тие што ги отворија овие хајки, изјавуваат дека веруваат во бога или да се послужат со речникот на премиерот во севишниот, заради тоа што тој, нели гледа се.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Добро е, за тоа што во тој случај дека тоа што го правите некому не е во ред и дека тоа некој го знае, кога тогаш ќе им дојде до глава.

Четврто, се нафатив на функцијата министер за одбрана во една исклучително тешка етапа од развојот на нашата држава, кога требаше нашиот систем за одбрана што порано да се приспособи и оспособи да профункционира со сите функции, со сите линии. На тоа работев со голем ентузијазам, работев без задршка и тоа го знаат тие што соработуваат со мене, пошироката јавност, а впрочем за тоа зборуваат и резултатите кои што денеска на штета на институциите на еден ваков начин се девалвираат.

Конечно, ако се знае дека во државата постојат институции овластени за изведување на докази за евентуални злоупотреби, неправилности. Институции кои што тие докази ги прифаќаат или одбиваат, институции кои што пресудуваат по тие докази, тогаш се поставува прашањето зошто денеска се создава, од ден на ден, таква атмосфера на линч и зошто се тргна по патот на целосна дескридитација на некои личности. Или прашањето можно ли е, во двете досега, во наводници, целосно исконтролирани министерства, од 5-те досега министри во политичките Влади, ама баш да нема ниеден кои што работел правилно, или кои што не ја злоупотребил својата функција.

Почитувани колеги, во оваа исклучително тешка состојба, посебно во последните месеци, во која што се најде државата, од многу објективни причини кои што се познати, да не ги повторувам, но и од многу субјективни причини, може да се тргне кон излез од оваа криза, само со еден целосен ангажман на сите потенцијали со кои што располага државата, а не со ваквото трошење на тие потенцијали, на вакви хајки, која што стана редовна контрола во нашата држава. Со нив, само дополнително се блокира работата на институциите на државата, која што и онака е блокирана, заради тоа што гледате секојдневно во нив се пуштаат димни бомби и почнаа да се ловат "вештерки".

Затоа, тие што ги отпочнаа хајките, треба да знаат, прво дека со нив нема вишок на проблемите кои што треба да се решаваат.

И второ, дека заради тие хајки, заради нив сите ние поединечно и како држава ќе загубиме многу, заради тоа што сето ова се прави по многу висока цена.

Имено, недозволиво е само заради дискредитацијата на една личност или на дел од опозицијата во целина, без трунка одговорност, или чувство за штетите, да се девалвираат резултатите на највиталните институции во државата, во овој случај кога зборуваме за последниот извештај на Министерството за одбрана и со тоа за нив да се создаде слика, со тоа што ни од далеку не одговара, ниту на реалноста, ниту пак на угледот, кој што го уживаат и во државата и надвор од неа.

Ако комисијата работеше во согласност со Уставните овластувања, а тоа значи ако директно ги анкетираше сите сектори на Министерството за одбрана и тоа како што е со законот пропишано, во присуство на анкетираните, ќе ја утврдеше реалната материјална вистина, која речиси целосно се разликува од она што се наоѓа во славните записници на нерегуларно формираната инспекција во Министерството за одбрана, со оглед на тоа што можете да видите дека во записниците се потпишани само 4 старешини, а се работи за цивилен концепт на Министерството за одбрана, во кој што постојат 7-8 сектори и каде што постои правилник за инспекции према кои и во ваква вонредно формирана инспекција, мора да бидат претставниците на сите сектори.

Значи, Анкетната комисија, почитувани колеги, директно не ја анкетираше никој, не провери ни еден наод од тие што ги презентираше инспекцијата и со тоа не извршувајќи си ја уставната задача, сите тие во наводници наоди, ги прогласи за материјална вистина. А тие наоди не се ништо друго туку конструкција до конструкција, утврдени со изготвување на целата документација и без присуство на претставници на анкетираните, со што се изведени целосно вон процедура. Вакви записници од вчера се наоѓаат во рацете на пратениците, а некои ги имаа и порано, дури верувам во некои написи што ги имаше, пред да ги има и самата Анкетна комисија.

Према Правилникот за инспекција, мора да се доставаат до тие што биле анкетирани. И анкетираните према законските и подзаконските акти имаат право но и обврска на сите наоди да дадат забелешка. На анкетираните ниту им е дадена можност да ги презентираат таквите забелешки, ниту пак инспекцијата, забелешките од тие што ги изработиле ги достави до Анкетната комисија, затоа што најверојатно тие забелешки во голема мера, или речиси во целост, тие наоди

на инспекцијата со кои што располагаше Анкетната комисија ќе ги побиеше.

Така инспекцијата во согласност со однапред издадените инструкции, сметајќи на неинформираноста на јавноста, ќе докаже во наводници, дека сите средства, што не биле трошени за набавка на опрема, за вооружените сили биле потрошени ненаменски. Некој наводно буден член на Анкетната комисија, тоа го слушнавме на една од нејзините седници, ќе се сети многу по ефектно ако каже дека тие средства од неколку десетина милиони марки исчезнале. И еве ти афери, недомаќинско работење, злоупотреби.

А еве што во врска со тоа стои во забелешката, потпишани од сегашниот актуелен помошник за финансии, кои што морале да бидат доставени до Анкетната комисија, во врска со тој наод за ненаменско трошење на средствата. Цитирам: “Распоредувањето на средствата во Министерството за одбрана према Буџетот на државата, потребно е да се гледа во целина, а не само за потребите на армијата, односно вооружените сили. Содржината на средствата, одобрени со буџетите на државата за сите изминати години и за оваа година во потставката 423106 која што е потставка, материјали за армијата е појаснета со актот број 10-414, од 21-1995 година, од Министерството за финансии, кое единствено е надлежно да дава толкување за буџетските средства“.

Значи актуелниот помошник за финансии, потврдува дека од 1995 година наваму, средствата за одбраната се трошени ненаменски и во согласност со законот за буџетот на Република Македонија и овој акт на Министерството за финансии кој што е приложен со записникот, а кој што требало Анкетната комисија да го има. Сега, секој може да процени, колку се точни, или објективни сите наоди на инспекцијата, односно на Анкетната комисија, што во целост ги има, за ненаменското трошење на средствата. Тоа што према законот за одбрана, одбраната на државата се организира како систем за одбрана, во која одбраната ја остваруваат граѓаните, органите на државната власт, кој функции во одбраната ги има овој Парламент, Владата и т.н., тоа што одбраната не ја сочинуваат само вооружените сили, како што стои во тие записници, туку во неа спаѓа на пример и воената обврска, каде што е и регрутацијата и упатувањето на регрутите во вооружените сили, без кои што нема вооружени сили. Тоа што тука се мобилизациите, тоа што тука се центрите за тревожење, тоа што тука се подготовките за одбрана, тоа што тука е воената академија и т.н., или пак тоа што во изградбата на одбраната почнавме не од нула туку од минус, со реконструкција на целосно демолираните објекти, со купување прво на лажици и чаршафи, да има со што да јадат и каде да спијат тие вооружени сили, средствата што за тоа се потрошени, сега се тврди дека се ненаменски потрошени. Тоа што таа армија со таквото трошење на средства, стана респектабилен фактор за соработка, на билатерален план се потпишани 22 договори, на мултилатерален исто така, тоа не смееше да се најде во тие записници, за тоа што во целост ќе ги побиеше наодите кои што ги презема Анкетната комисија.

Следејќи ги тие инструкции, еден надобуден претставник на инспекцијата изјави дека, ако овие средства се искористеле наменски, ако на пример со нив се купеле панцири, немаше да дојде до смрт на еден наш професионален војник од караулата Блаце.

Во врска со тоа сакам да потсетам следното: уште за време на кризата во Албанија, заради секојдневните судири со вооружените илегални преминувачи и големиот ризик по животите на граничарите на западната граница се набавија панцири на сите оние кои што одат во патрола и се издаде наредба никој да не смее да оди на патрола без панцири. Подоцна се набавија панцири и за сите оние што одат во патрола на останатите граници. Така во текот на увидот, по повод на овој трагичен настан е утврдено дека на караулата Блаце, била екипирана караулата со деветнаесет панцири, од кои што 7 биле искористени, од тие што биле во патролата од 12-те што останале во самата караула, се наоѓал и панцирот со кој што бил трагично загинатиот војник. Затоа постои целосна документација.

Да се знае оваа материјална вистина, а да се даде изјава, таква каква што беше дадена од еден претставник на инспекцијата, на седницата на Анкетната комисија, значи дека тој што ја дал или слепо им верува на тие што му наредиле така да изјави, ако така му е наредено, или е целосно скаран и со одговорноста и со моралните норми. Така е постапено и со наодите за злоупотребите, штетите и затоа не е тешко да се заклучи колку тие наоди во записниците што ги презеде Анкетната комисија се веродостојни или не. Инаку нема правна држава во светот, за која не се одговара за ваквите лажни обвинувања на невини луѓе.

Почитувани колеги, ако Анкетната комисија ја врши работата во согласност со Уставните овластувања, ако таа директно ги анкетираше претставниците на Министерството за одбрана, во нивно присуство, ќе заклучеше дека средствата за одбрана се утврдуваат со Законот за Буџетот, кој го носи ова Собрание и тоа во разделот Министерство за одбрана, а не одбрана и армија, или само армија како што тврди експертот за се, Марчиев, кој што не знае дека таа проблематика е регулирана целосно со нашите домашни македонски прописи, а не со прописите на ЈНА, со кој што се уште живее и ќе заклучеше дека тие средства по категории, ставки или потставки се трошени целосно со Законот за извршување на Буџетот и дека за тоа постојат редовни годишни извештаи од одговорните финансиски институции во државата, кои што исто така се приложени со забелешките кои што

требаше да ги консултира Анкетната комисија. Ќе заклучеше дека со учество на претставниците на сите тактички носители, редовно се донесувани во Министерството за одбрана, финансиски планови, иако тоа стана законска обврска, дури во јануари минатата година. Конечно ќе заклучеше во Министерството за одбрана, затоа што во тоа време во државата воопшто не беше регулирана проблематиката за јавните набавки за прв пат во почетокот на 1995 година, по мој налог е донесено првото привремено упатство за јавните набавки и за услугите, ќе заклучеше конечно дека во Министерството се водени вонредни и редовни контроли, во нив учествуваше и старешината Марчиев, кој што ја претставуваше инспекцијата на Комисијата, а од тука ни по една основа, не може да се изведе заклучокот, од тие записници што ги презема Анкетната комисија дека е вршен недоволен надзор или контрола.

Почитувани колеги, Анкетната комисија, како што гледате, го подготви извештајот и веќе го обнароди. Пред неколку дена само врз основа на наод на инспекцијата. Од тука може да се каже дека тоа не е извештај на Анкетната комисија, туку на нерегуларно формирана инспекција на министерството. Што и да напишеше таа, со ваквото работење на Анкетната комисија ќе се најдеше во извештајот на Анкетната комисија. Тоа што Анкетната комисија треба директно да анкетира, да ги провери тие наоди, да консултира дополнителна документација, да ги земе предвид забелешките од анкетарите, за што има законска обврска, за неа изгледа не беше важно. Затоа изгледа и не си ги изврши поставените задачи, во рамките на Уставните овластувања и утврдената процедура.

И на крајот во врска со моиве овластувања, дека со мое решение во здружување на средства од јавното претпријатие за стопанисување со станбен фонд и средства од дополнителните извори на Министерството за одбрана, а не од буџетските, се купени два стана, сакам да укажам на следното: Министерството за одбрана располага со станбен фонд, од кои што се доделуваат станбени единици на сите оние кои што го немаат решено станбеното прашање, према соодветниот Правилник и критериумите во него, кој што целосно се почитувани.

Во целиот период додека раководев со ресорот, стриктно е почитуван Правилникот, но и една обврска. Ниеден старешина да не замине во пензија, без да му биде решено станбеното прашање. Ако требаше тој принцип да се прекрши на случајот на еден наш старешина кој од првите денови на осамостојувањето не се симна од караулите во охридско, заради секојдневните поведувања на границите се до неговото пензионирање, само заради тоа што министерството немаше стан во Охрид. Или ако тој принцип требаше да се скрши на примерот на началникот на генералштабот, херојот на војната во Хрватска, генерал Боцинов, само заради тоа што не му беше решено станбеното прашање пред заминување во пензија, со стан од 68 кв., а му следуваше три ипол собен стан, кој што се рангира од 110 до 130 кв., тогаш тој криминал или за тој голем грев, јас сум спремен да одговарам и пред бога. Јас раководев со ресорот, како и другите во еден тежок период, кога бевме под ембарго, и кога како и денес, како што апелираше актуелниот министер Кљусев и овдека, средствата за одбрана беа многу ограничени, а мораше сите сегменти на одбраната да се стават во функција. На тој план дадов се од себе. Затоа, ниту сум барал, ниту сум добил било какви признанија, но затоа не можам да прифатам ни вакви клевети и одрекувања на се што е досега направено, а уште помалку политичка или било каква одговорност.

За четири години министерување, како што изјавив во некои медиуми и во наводници крадење во државата, мојот имот кој што се состои од еден стан и од една лада се преполови, ако ништо друго, заради тоа што е изамортизирано.

Затоа предлагам нека се формира една комисија, нека се направи попис на имотот, со кој што сум располагал пред да станам министер и денес и ако констатира дека се зголемил макар за еден денар, јас веднаш ќе го уплатам во Буџетот на државата.

Тоа е почитувани колеги, материјалната вистина, која и покрај се, порано или подоцна ќе излезе на виделина. А како што гледате материјалната вистина, која што произлезе од записниците на инспекцијата, која што ги преземе без да ги провери Анкетната комисија, нема никакви допирни точки со оваа реалност. Ние мандат на Анкетната комисија, за да изведува вакви материјални вистини не и дадовме.

И затоа на ваков начин Анкетната комисија не треба да продолжи да работи. Анкетната комисија по Уставот мора да изврши директно анкетирање, во присуство на анкетираните, мора да ја консултира целата документација и откога ќе ги провери сите наоди добиени од ваквите инспекции, ќе види што законска регулатива постоела во тој момент, може да дојде до материјалната вистина. За тоа гласавме да се формира Анкетната комисија и за тоа и дадовме мандат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Благој Ханџиски.

Има збор г. Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани колеги, сакам да го искажам пред вас сопственото мислење по Предлогот за проширување на мандатот на оваа Комисија, до крајот на годината да си ја заврши работата.

Веднаш да кажам дека јас нема да поддржам таква одлука, ќе ви кажам поради кои причини.

Прво, мислам дека тоа е штетно за Собранието, непотребно и дека Собранието се инволвира во една работа во која што не спаѓа во рамките на ингеренциите на Собранието утврдени во Уставот.

Ја изместуваме уставната позиција на Собранието и се впуштаме во ингеренции на ордени, чии ингеренции се прецизно утврдени во Уставот и во некои други прописи, кои што се донесуваат врз основа на Уставот.

Ова свое гледање го темелам врз основа на следните факти. Според Уставот не е спорно дека Анкетните комисии можат да се формираат за прашања од јавен интерес. И не е спорно дека може да се формира Анкетна комисија, да се види како некој носител на јавна функција ја извршува функцијата, дали е во рамките со Уставот, се разбира, доколку е тој актуелен функционер. Смислата на уставната позиција на Анкетната комисија е контролната. Тоа е силен адут во рацете на пратениците да вршат политичка контрола врз работата на Владата и на сите оние функционери, носители на функции, кои што ги поставува, именува, или избира Собранието. Покрај можноста да гласаме за доверба на Владата, да правиме интерпелации за работата на министер, имаме право како контролен механизам да формираме Анкетна комисија и тука се пратеничките прашања. Тие позиции се многу прецизно утврдени во Уставот.

Според тоа, не случајно во Уставот се вели дека наодите на Анкетната комисија можат да послужат само како основ да се бара одговорност, се разбира политичка, имаме право како Собрание да бараме политичка одговорност од носител на јавна функција. Тоа е многу прецизно утврдено во член 76 од Уставот на РМ.

Според тоа, смислата на Анкетната комисија е во тоа само доколку е насочена против носител на јавна функција и од него да бараме политичка одговорност. Сето друго е во надлежност на другите органи, на истражните органи, на МВР, Јавниот обвинител, Судот.

Многу поголеми ефекти ќе имаше доколку од почетокот на работата на комисијата некои од овие наоди на Анкетната комисија беа презентирани во процедура пред надлежните органи, според Уставот и законите. Да речам хипотетски, многу силен впечаток пред јавноста и ќе ни веруваа на наводите на Анкетната комисија, доколку еден од тие носители да launching речеме на почетокот беа повикувани министрите за внатрешни работи, еве од тогаш поминаа 7 - 8 месеци, надлежните органи се уште не поведоа никаква постапка. А, ефектот ќе беше многу поголем доколку истражниот судија утврдеше, Јавниот обвинител покренеше обвинение, а судот ќе го осуди за кривично дело за кое неосновано го теретиме носителот на јавна функција. Тоа барем денес мислам дека не е никаков проблем.

Само да повлечам една паралела, беше овде спомната нервозата, една паралела помеѓу наодите на Анкетната комисија наводно за злоупотребите на министрите за внатрешни работи и она што денеска се бара од Основниот суд во Битола, да ја забрза постапката околу назначувањето на стечаен управник на ТАТ.

Значи, може нешто, доколку се сака, доколку се има добра волја да се направи за неколку дена, за една недела. Зошто не се користеа тие механизми што ни стојат на располагање. Зошто тогаш, доколку имаше сомнение, како што во Извештајот на Анкетната комисија, да повторам, без основ се најде дека има злоупотреби на функциите или пречекорување на овластувањата и т.н., тоа е кривично дело утврдено со нашиот Кривичен законик. Зошто веднаш не реагираше Јавниот обвинител, да покрене обвинение? И досега носителите на јавните функции ќе беа осудени. Поголем ефект од тоа не може пред јавноста да се стекне.

Замислете сега еден друг апсурд. Анкетната комисија, барем според извештаите, констатира дека има злоупотреба на функцијата на министерот, дали за внатрешни, дали за одбрана. Или, неосновано богатење врз основа на функцијата. Па, да го видам јас тој Јавен обвинител кого го избрало ова Собрание или тој судија што нема да донесе таква пресуда. Тоа е прејудицирање на одлуката и на Јавниот обвинител и на Судот. На тоа немаме право, ниту како Анкетна комисија, ниту како Собрание.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Сакам да кажам, да ги разграничиме работите. Според Уставот, да ги разграничиме работите, според Уставот да ги обавуваме надлежностите совесно и одговорно. И сега, неутрален набљудувач од страна тешко можете да го разуверите дека продолжувањето на мандатот на Анкетната комисија до крајот на годината не е насочен кон дискредитација на опозицијата, бидејќи нејзини членови биле досега носители на јавни функции. А, во меѓувреме, за сите овие 7 -8 месеци од функционирањето на ова Собрание нема ниту една иницијатива за вршењето на функциите, актуелните носители на функции, министри или директори на јавни претпријатија и т.н. и т.н.

Според тоа, држењето како дежурна тема Анкетната комисија да се занимава со минатото, односно со начинот на кој што бившите функционери ја остварувале функцијата нема никаква порака до јавноста освен да се криминализира, да се прогласат тие за криминалци и т.н., а преку нив, се разбира, да се дискредитира во целина и опозицијата што претходно владееле.

Која е смислата на Анкетната комисија да и дадеме мандат до крајот на годината, бидејќи имала многу материјал, како што кажа претседателот на Анкетната комисија, многу материјали треба да погледа. Тоа не е работа на Анкетната комисија. Тоа е работа на истражните органи, тоа е работа на пред истражната функција што ја има МВР, на Јавниот обвинител.

Јавниот обвинител по службена должност може да покрене обвинение доколку има, според негово уверување, елементи на кривично дело. Него никој не го ограничува. Зошто до сега Јавниот обвинител не ги погледал овие наводи досега што беа презентирани на јавноста многу порано? Совесно и одговорно да си ја врши функцијата? Јавниот обвинител, впрочем, го избра ова парламентарно мнозинство, значи тоа е нивни човек. Според тоа не е никаков проблем и со него да се договори да ја забрза постапката за покренување на обвиненија за некој поранешен носител на функција.

Значи, пораката не е да се работи според Уставот, законите, прописите, туку целта е јасна, да се дискредитира, дисквалификува и да се доведат во прашање кредибилитетот, личен, морален, на носителот на јавна функција некогаш, на неговото семејство и т.н.

Јас сакам да Ви предложам, навистина да го сочуваме угледот на Собранието. Собранието да не се претвори, впрочем и претходната дискусија покажа, а претпоставувам дека и развојот на настаните ќе оди во прилог на тезата дека Собранието објективно ќе се претвори во судница, како што г-динот Ханџиски, како поранешен министер за одбрана кажуваше овде дека нема никаква вина, претпоставувам дека и членовите на Анкетната комисија, а и пратениците од позицијата ќе го кажуваат спротивното. Тој е бивши носител на функција, не е актуелен носител.

Според тоа, да заклучам, Анкетната комисија има единствено функција на политичка контрола врз работата на носителите на функции актуелни, не поранешни. За поранешните истражниот судија, полицијата, Јавниот обвинител. Тоа е нивната функција. Ако има навистина злоупотреба на функцијата, тоа е работа на Јавниот обвинител. Да ги гони сторителите на кривични дела.

Замислете, како што беше предложен оној заклучок на Анкетната комисија, добро е што Собранието не влезе во материјална дебата, дека му се препорачува на Собранието да констатира дека има основано сомнение дека некој сторил кривично дело, дали е тоа право на Собранието? Апсолутно не е тоа негова ингеренција.

Прво, прејудицира кривично дело кое што може да значи императив за Јавниот обвинител, за судијата, за органите на прогонот. И, мислам дека навистина да се вратиме на уставната позиција на Собранието. Анкетната комисија да си ја врши функцијата што и е дадена со Уставот, а органите на прогонот, судовите, јавните обвинители да си ја вршат својата работа. Само на тој начин ќе бидеме на теренот на правната држава, само на тој начин ќе дадеме можност да функционира законитоста во работата во сите институции на системот, правосудни и државата. А, во тие рамки ќе го сочуваме и кредибилитетот на ова Собрание.

Од тие причини мислам дека не треба и штетно е Собранието да донесе одлука со што ќе се даде можност на столбот на срамот постојано во иднина да се држат луѓето од опозицијата, бидејќи тие објективно биле во поранешниот систем и владееле. Премногу враќање во минатото претпоставувам дека нема да ни обезбеди многу светла перспектива. Не говорам на опозицијата, говорам како држава.

Поради тие причини, уште еднаш сакам да Ве замолам вакви одлуки што ја изместуваат функцијата на Собранието, ова Собрание не треба да донесува. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Петковски Тито.

Збор има г-динот пратеник Анушев Љупчо.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги и колешки, претходната дискусија не само на Тито Петковски, туку и на претходниот колега, мене ми личи како дискусија пред истражен орган, или во најмала рака по жалбена постапка.

Слушајќи ја дискусијата на опозицијата ни даде да мислам дека навистина политиката е кварна работа. Вака, изговарајќи невистини и гледајќи не во очи, неупатените можат да дојдат до заклучок и со страни државјани кои не биле во Македонија, дека овде ништо не се случувало, како да не постојат живи сведоци во стопанството кои 4-5 години мака мачеа да обезбедат егзистенција на своите фирми ако не беа блиски на одредени членови на СДСМ. Јас ќе Ви дадам еден пример од кој ќе заклучите дека и овие сега дискусии се повикуваат на формално правни работи и на она дека, еве не треба да се дира во минатото, нека остане она така, кој што направил и никому ништо, заради тоа да идеме во светла иднина.

Ќе Ви дадам еден пример како работеше градежната мафија, од што ќе заклучите дека Комисијата е потребна заради тоа што истражните органи не можат да навлезат во моралната сфера на оние личности во СДСМ, кои ги подржуваа одредени фирми врз кои имаа влијание. Не велам дека заработувале нешто, меѓутоа не е доволно само од таа зделка да не заработи политичарот или лицето кое има влијание на одредена работа. За мене е вина и ако овозможи на друг збогатување, заради несовесно работење на својата функција.

Од јавните претпријатија, да не должам сега, ќе бидам краток нема да спомнувам имиња, во друга прилика ќе ги спомнам имињата и на фирмите и на носителите, се префрлаа огромни суми пари во вид на аванси. Со тие аванси се купуваа преку други приватни фирми интересни локации, кои можеа да ги добијат само влијателни личности во СДСМ.

Меѓутоа, бидејќи тие не можеа лично да ги добијат, ги купуваа луѓе кои се нивни блиски

пријатели и роднини, а градежните фирми како што е "Гранит" и монтажните фирми, нивни сателити, и на "Гранит" и на одредени личности во СДСМ ги работеа инсталатерските и градежно - занатските работи за багателно евтини цени. Тие интересни локации на кои им се дозволи надградби по 2 - 3 спрата незаконски, се продаваа за сума од 1.600 - 1-700 марки од метар квадратен. Во остатокот, заради тоа што големите фирми работеа за енормно ниски цени, некаде од 800 до 1000 марки остануваа разлика во цена од тие градби. И сега ние велиме никој не е крив, нема ништо не законско и и никој не може да оди во затвор, едино оној директор на јавното претпријатие што го префрлал авансот, ама тој веќе не е таму. За тоа е потребна Анкетната комисија, носителите на такви активности морално да одговараат, затоа што гледаме ние дека директорот на "Гранит" сега преку весници изјавува дека, еве он очекувал да биде затворен, демек не го затвориле, бил исправен. Заради тоа, затоа што не може навистина да се докаже тоа што претходно го кажав. Токот на парите може да се види каде се, од кое јавно претпријатие, каде отишле авансите, кој ги градел, кој бил кооперант. Јас мислам дека, нема наивен во Македонија кој ќе помисли дека некој непознат може да земе интересна локација, а да не може да добие "Гранит" или "Бетон" или "Илинден", фирма човек, а "Гранит" кој сега го фалат дека е реномирана фирма треба да работи како кооперант на фирма која има само еден човек, која што нема механизација.

Поради тоа ќе гласам за продолжување на рокот на комисијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Анушев Љупчо.

Овде гледам пријавен кај мене е Чедо Петров.

Јас на него би му дал збор на крај, за да одговори евентуално ако има и некои други прашања до претседателот на Анкетната комисија.

Сега би му дал збор на наредниот пријавен пратеник, г-динот пратеник Талевски Александар.

**ТАЛЕВСКИ АЛЕКСАНДАР:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, да се навратам на почетокот, главна точка е барањето на Анкетната комисија за продолжување на мандатот. Имено тука почнаа полемиките.

Некој ќе се запраша зошто втор или трет пат се бара продолжување на мандатот на Анкетната комисија.

Со оглед на тоа што јас сум член на Анкетната комисија би посочил неколку работи. Би ја посочил особено тежината со која се судираат луѓето кои работата во Анкетната комисија, оние луѓе кои се спремни да ги прочитаат сите добиени материјали, да навлезат во дадената проблематика, за да се обидеме да лоцираме нешто што ќе ни помогне во сузбивањето на криминалот во нашата држава. Кој треба да знае за тежината на оваа работа. Се поставува како прашање.

Почитувана господо, јас се прашувам зошто има двоумење кај некои луѓе од опозицијата кога ваква голема решеност да се стави крај на криминалот во државата веќе се имаше појавено, по мои сеќавања на два пати. Имено првиот пат имавме објавено борба против криминалот кога шест мина раководители беа сменети. Тоа би го прескокнал би се задржал на доказот за тежината на работата и тоа би го посочил во следното.

Сите ние добро се сеќаваме дека, овде во овие простории на оваа говорница беше децидно кажано дека, ни свети СДСМ нема да ја сопре решеноста на тогашната извршна власт да се справи со криминалот. Исто така добро се сеќаваме дека од таа жестока решеност од која Македонскиот народ очекуваше многу, не се изроди ништо.

Јас со мојата партија и со оглед на говорот на претседателот на мојата партија, партијата на ВМРО-ДПМНЕ на конгресот каде јасно беше кажано дека борбата со криминалот ќе продолжи без оглед на се, до неговото сузбивање. Убеден сум дека тој криминал, особено во власта, мојата партија и јас со неа ќе го сузбиеме до минорни граници, без оглед на неговите извори и позиции, баш поради тоа што еднаш треба да ги симнеме политичките бои од криминалот за кој овде некој вели дека има голем дел на реваншизам, некој вели нема, да дојдеме до една состојба во јавното мислење и воопшто во работењето и функционирањето на државата, каде што криминалните дејанија едноставно само ќе се нарекуваат криминални и ништо повеќе.

Затоа да се направи ги повикувам членовите на Парламентот да ми дадат поддршка и да го продолжиме мандатот на работењето на Анкетната комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Талевски Александар.

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, добро е што се расправа за овие теми меѓутоа сепак треба да се зачува достоинството на секој човек. Беше спомнато опозиција или позиција. Еве јас се ставам како Лазар Китановски на опсервација на Анкетната комисија, како човек, како личност. Заборавете од која партија сум. Тоа значи без никакви обврски према било која партија.

Прво, јас немам намера да се бранам, да се правдам, затоа што сум работел колку што сум можел, кога сум бил министер.

Второ нема да одам по амбасади, по некои меѓународни организации па да кукам, да плачам, да велам гледајте што ми прават овие луѓе. Нема да го направам тоа, бидете сигурни. Тоа ќе го решиме на наш македонски начин, бидејќи се случува во последно време, како што би рекол колегата Стојановски, значи во оваа Македонија, во овој период и секо се разбира, со својата совест и со својата одговорност.

Пред да почнам, бидејќи ќе говорам само за процедурата другото кога ќе се разговара по материјалот кој е доставен.

Би замолил, како поранешен министер точката 4 од материјалите кои се доставени, односно материјалот да биде повлечен, бидејќи тоа претставува државна тајна од највисок ранг, кој е дел од планот за одбрана на РМ и според прописите треба да се симне ембаргото од страна на министерот, евентуално од претседателот на Републиката, бидејќи тој е потписник за тој план за одбрана. Меѓутоа, дадено е усно одобрение од потсекретарот дека може да се користи тој материјал со што е направен еден прекршок, за кој мислам дека е кривично дело.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Затоа, го молам претседателот на комисијата да пренесе до министерот за одбрана да го повлече овој материјал или евентуално да се разгледува на Колегиумот на министерството, ако му треба консултација на министерот, евентуално на Комисијата за надворешна политика и одбрана, заедно со Анкетната комисија.

Мислам дека и покрај се мораме да водиме сметка за државните интереси. Би било многу непријатно ако овој материјал излезе во јавноста, бидејќи се однесува на функционирањето на воените и цивилни државни органи во случај на вовлекување на Република Македонија во војна на било кој начин.

Сега мала предисторија. Добро, дека во политиката нападите се нормална појава тоа е јасно, обид на дискредитација и тоа ми е јасно. Јас се сеќавам уште кога бев министер доаѓаа новинари репортери од еден весник, нема да кажам кои, со фото апарати да сликаат, бидејќи слушнале дека армијата мене ми изгладила фонтани, базени, цела градина. Меѓутоа, дојдоа луѓето, видоа дека живеам во доградба, видоа од вредносни работи дека имам една доградба која е недовршена и едно куче "Ирски сетер". Тоа ми е богатството, добро возило, нормално, бидејќи имам 25 години стаж и мојата сопруга и нема ништо посебно. После тоа не излезе ништо во печат. Значи, со лошата зла намера да се најде нешто.

Мислам дека и овде недостаток на работата на Анкетната комисија е што сакала да најде на секој начин по нешто, без да тргне од тоа да утврди што е вистината за работењето, ако имало пропусти во моето работење или на моите потчинети во тој период. Најнапред тоа го заклучувам од следните елементи.

Никој од тие кои условно се обвинуваат не е анкетиран, во смисла да се запраша зошто е тоа така одлучено и зошто е така постапено. Од друга страна, земен е периодот откако стапи Владата на СДСМ, а не е земен периодот од 1991 година како што е одлуката. Претпоставувам дека и тогаш биле можни пропусти, зборуваме сега за можни пропусти, бидејќи доколку постои дело, тоа го потврдуваат судски органи. Тоа е случајот, се сеќавам, само да илустрирам, не сакам да вовлекувам сега, реков не сакам инмеритум, се пушти во јавноста за втора станбена единица на генералите, на генералот Трајче Крстовски не се спомна, генерал Митре Арсовски кој е член на ВМРО-ДПМНЕ, иако и тој доби таков стан, да се има една традиција и тоа можеби е добро, едно почитување спрема началник на Генералштаб да се обезбеди станбена единица втора, заради условите во кои работат началниците, стресовите под кои се постојано заради нивната одговорна работа и т.н. Ова само да илустрирам, не навлегувам да го образложувам понатаму.

Притоа, мора да се знае мора да се знае, додека јас бев министер постоеше начин на одлучување во министерството, а тоа се правеше, освен тековните кои се според финансискиот план на министерството, се вршеа набавки според проценките за опасноста на Република Македонија, според приоритетите и во согласност на финансиските можности на Министерството.

Потоа, министерот бидејќи според закон е одговорен за состојбата во министерството одлучуваше, се разбира, во консултација со началникот, со потсекретарите, со Колегиумот, кои се тие приоритети. Така, тогаш ние ги набавивме тие транспортери, бидејќи имавме информација дека кризата ќе се прошири кон Република Македонија и што навистина се случи, со помош на тие транспортери ние спречивме една група од 100 припадници на УЧК да се префрли од Албанија преку Шара во Сојузна Република Југославија, што ние го проценивме како можен повод за реакција од српската страна, а знаеме дека ставот беше на нашата Влада, и тогашна и сегашна дека Македонија не смее да се вовлече во можниот судир или судирите меѓу Албанија и Сојузна Република Југославија. Тоа се однесува и на хаубиците и другите приоритетни задачи.

Јас набрзина погледнав околу овие крупни ставки, каде што се бара зошто немало реферат. Гледате, за такви крупни ставки мислам дека е логично да одлучува колегиумот, не може по реферат старешина од понизок ранг, затоа што се потребни големи средства, тој да одлучи да се купат транспортери или хаубици. Сепак, тоа се крупни работи. Рефератите се прават кога се работи за тековно работење кое произлегува од неопходните нормални потреби кои се пренесуваат од година на година.

Јас сум тука спремен да и помогнам на Комисијата. Каде е главниот проблем? Главниот проблем е што Анкетната комисија се потпрела на нестручна комисија во Министерството за одбрана. Тоа е главниот проблем. А зошто е тоа така? Затоа што според законот, Министерството за одбрана врши инспекциски работи во врска со одбраната т.е. во врска со борбената готовност и ги контролира другите органи на управата дали таму е спроведува Законот за одбрана. Додека за финансиското работење во Министерството за одбрана се надлежни, треба да се почитуваат овие закони, да се применуваат: Законот за органите на управата, Законот за републички Буџет, Законот за извршување на републичкиот Буџет, Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост, Законот за финансиско работење, Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и што е многу важно, во Законот за јавните набавки е утврдено дека надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за финансии. Тоа не е случајно така утврдено во Законот, затоа што тоа министерство има експерти од финансиската сфера.

Затоа се случува Анкетната комисија, потпирајќи се на Комисијата во министерството да донесува погрешни заклучоци дека се ненаменски трошени средства, дека злоупотребени и т.н. Тие немаат такви експерти.

Мој совет е да се поврзе со Министерството за финансии, да се побараат експерти како што е по законот и тие сигурно се постручни, тоа што е за вас на пример спорно, тоа што го видов набрзина, бидејќи вчера го добив материјалот, ставка по ставка, по документацијата како се купувани преку која банка, како е уплатувано, гаранции и се што е начин на набавување.

Зборувам во начело, каде била во заблуда Анкетната комисија и следното е тоа што на едно место се тврди дека е преферирано домашното производство и некогаш се направени директни спогодби. Да, признавам, правени се директни спогодби со "Македонка" - Штип, со "Чик" - Куманово и како министер пак би правел такви спогодби, бидејќи нема држава која не го поддржува домашното производство.

Покрај тоа, тие фирми се определени со акти на Владата, не сега туку од порано, дека се организации на кои ќе се потпира Армијата во случај на војна. Само очигледно тие акти и тие закони не сте ги знаеле, а ќе треба да ги побарате. Јас сум спремен да ви кажам во кој Службен весник каде се наоѓаат тие акти. Има и некои други елементи кои се дадени во текстот. Јас реков, ова е само повеќе илустрација заради вашата процедура, заради помошта. Не би навлегувал ... (Реакција на еден пратеник во Парламентот).

Ве молам, само укажувам кои се пропустите на Анкетната комисија, за да таа подобро си ја заврши својата работа, затоа е тоа лутање. За да не лута понатаму, укажувам кои закони да ги користи. Ако не ги знае, јас сум подготвен да им помогнам или нека се обрати до Министерството за финансии тоа да им помогне, за да нема после заклучоци дека некој вршел злоупотреба. Очигледно дека комисијата која е формирана во самото Министерство не знам на кој начин е формирана таа инспекциска служба, дали со зла намера, дали од незнаење и работењето на таа комисија ја доведува во заблуда и Анкетната комисија. А дека немало никакви злоупотреби, јас тоа можам да го докажам, многу лесно се докажува, така што не сме ние како што некој спомна многу вознемирени во опозицијата. Да речеме, јас воопшто не сум вознемирен. Зошто да бидам вознемирен? Вие работете си, барајте, копајте, чепкајте, мое е да кажам како навистина било и вистината да излезе на виделина, со тоа што се надевам вие тоа го правите со добра намера.

Единствено што малку ме чуди тоа е заклучокот или препораката материјалите да се достават до судските органи. Не е спорно тоа, спорно е законодавниот дом да се наметнува над судството. Тоа не е во согласност со Уставот. Има поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Во Парламентот може да се бара политичка одговорност, се знае од каков тип, додека другиот вид одговорност се утврдува во суд. Ве молам, тоа "Судски органи" е малку неправнички кажано, треба да кажете каде, дали обвинителство, бидејќи не може директно судот. Овие што се правници ја знаат процедурата.

Би замолил тука да се вклучат и правници, има добри правници во Парламентот, има во Владата угледни професори, меѓутоа не знам што им е во последно време, има и адвокати овде од парламентарците, да им помогнат на овие луѓе да го применат правото како што треба.

Јас се задржав само на процедурата и на мојата помош на комисијата, а инмеритум кога ќе расправаме следниот пат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Лазар Китаноски.

Има збор госпоѓата пратеник Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Почитуван господин претседателе, колеги пратеници, пред неколку месеци ја формиравме Анкетната комисија за преиспитување на јавните набавки и тоа само со една единствена цел, да им се презентира преку извештаите на Анкетната комисија на граѓаните, каде се трошеше државната каса и сметам дека таквата цел уште во Предлог – одлуката, односно во нејзиното образложение ја потенциравме, со што укажавме дека не треба да се смета како реваншизам или како што денес слушнавме "лов на вештерки", туку единствено граѓаните да слушнат зошто затекнавме празен Буџет, празна

државна каса, во кој што и тие имаа дел од своите средства одделени. Тоа не го сметам како атак врз ничија чест и врз ниедна личност, заради тоа што недокажано обвинување е прејудицирано обвинување, а такво досега не сретнав во ниту еден извештај од Анкетната комисија. Од таа причина, во Анкетната комисија членуваа односно партиципираа и пратеници од позицијата и пратеници од опозицијата на истиот принцип како што беа формирани и сите комисии односно работни тела во Собранието на Република Македонија.

Со самото формирање на оваа комисија ветивме транспарентност и ветивме дека граѓаните ќе имаат увид во работата на комисијата, поточно дека извештајот ќе биде побликуван, овде ќе биде изнесен во Собранието, а со тоа преку медиумите и граѓаните, меѓутоа само како основано сомневање и како аргументиран доказ кога тоа ќе го заврши со својата работа Анкетната комисија. Значи таа воопшто не пресудува и нема таков мандат, туку едноставно го изготвува извештајот врз основа на аргументирани докази.

Слушнав во неколку дискусии различни размислувања, но сите беа во една иста насока и тоа дека оваа комисија работи на уштрб на опозицијата или дека сака да врши деградација на одредени личности. Јас лично така не сметам и оние докази кои што ги презентираа за мене не се валидни, од причина што велат дека јавните набавки се вршеле во колизија со законот или уредбата за јавни набавки само онаму каде што можело да се примени принципот на итност, односно итната набавка можела да се врши и веднаш, неодложно без распишување на оглас за јавна набавка.

Потоа, зошто Анкетната комисија која што беше формирана во претходниот состав кога СДСМ со своите партнери беше носител на власта, формираше Анкетната комисија, чија што работа остана само до изготвување на извештајот. Извештајот на таа Анкетна комисија не беше дојден на расправа на седница на Собранието на Република Македонија. Се прашувам, ако сега говориме дека ова се дубиози и дека ние работиме за времето на мандатот кога некој бил носител на јавна функција, тогаш се прашувам зошто на Анкетната комисија во тоа време не и беше дозволено да го достави својот извештај по завршување на работата.

Неколку пати во дискусијата на колегите слушнав, дека ете, можете да се договорите со Јавниот обвинител и некои други органи кои можат да го преземат она што е согласно стореното, постапка за согласно стореното. Навистина ме разочарува такво нешто од причина што промовиравме независно судство или договор со Јавниот обвинител дали е дозволив - јас како правник сметам дека такво нешто од мој колега слушната од говорница ме разочарува, заради тоа што ми покажува дека некогаш и во некое време се било во договор, дали чувањето на пријавите во фиоките или обелоденувањето онаму каде што требало да се обелодени. Значи, договор воопшто не смее да се споменува и тоа е недозволиво, особено од стручен и компетентен колега.

Затоа, сметам дека треба да почекаме на 28 овој месец, Анкетната комисија ќе го изготви и презентира својот извештај од работата и би замолила, апелирам до сите колеги, нека се придржуваат на точката од дневниот ред, а сето она што го имаат како образложение или критика кон работата на Анкетната комисија, нека го сочуваат за 28 јули, за седницата кога на дневен ред ќе биде токму извештајот на Анкетната комисија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Наталија Марковиќ - Димова.

Има збор госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, има една изјава во народот многу императивна и конкретна: "Држете го крадецот".

Таа се однесува само на едно лице, тоа е крадецот и реков дека е императивна, го насочува крадецот.

Од дискусијата што можевме овде, еден дел, да ја проследиме, меѓутоа, многу повеќе и од медиумите, особено од дневниот печат кој што имаме можности да го следиме, имаме можност да видиме како се менуваат тезите. Во случајот, не е виновен тој што крадел, туку држете го оној кој што ги изнесува податоците заради тоа што некој крадел во тој временски период.

Според тоа, ќе потсетам на пред историјатот на формирањето на Анкетната комисија. Рековме дека се работи за уставна категорија, рековме дека не сакаме никого да заплашуваме, не се работи за никаков политички реваншизам, а уште помалку за некаква дискредитација и линч на опозицијата. Доколку претходниот изминат шест годишен период на тогашниот естаблишмент на СДСМ, како што рече пратеникот пред мене, нашиот односно тогаш нивниот јавен обвинител, си ја извршуваше совесно својата функција, па на бројните медиумски афери кои избувнаа по повод големиот број јавни набавки и одговореше макар со една кривична пријава, секој од нас ќе размислеше дали навистина во тој период за формирањето на оваа Анкетна комисија потребно е да се направи толку долг временски период, имено, од 1991 до 1998 година.

Меѓутоа, бидејќи до такво нешто барем јас како граѓанин, а верувам и голем дел од сите нас овде присутни не успеавме да дојдеме, ние формиравме Анкетна комисија токму од тие причини, бидејќи имавме можност да слушнеме само некакви изјави од типот на кривични пријави против ситни службеници, полицајци во МВР или

најмногу против некои одредени цариници во одредени царинарски служби, кои примиле мито и корупција со вредност некаде од 200 до 300 германски марки. Да беше криминалот во оваа држава сведен на тој износ, верувајте, дека и тогашните политичари, граѓани и воопшто народот во Република Македонија ќе живееше многу убаво и никој немаше да каже дека во оваа држава сите крадат. За жал, такво нешто постојано се зборува и токму сакајќи да ја ослободиме функцијата политичар од секаква една хипотека дека со влегувањето на било каква јавна функција, секој веќе во старт добива можност да краде јавно, а без за тоа да биде осуден, ја формиравме комисијата и сакаме да дојдеме до одредени заклучоци, односно до одредени индиции дали во било кое министерство, односно во насочените, се вршеле одредени криминални дејанија. Бидејќи, работата на оваа комисија не е истражен орган, рековме не е истражна, не е уште помалку судска, туку бидејќи таа има изготвени материјали од одделни министерства, треба да насочи дали постојат индиции за поведување одредена постапка. Таквото право го има секој еден граѓанин, дали е пратеник, дали е политичар или не, не е важно. Доколку тој се сомнева дека има одредено криминално дејание, може да го пријави кај одреден орган. Органот е должен во самата постапка да утврди дали се работи за точен или неточен наод.

Според тоа, Анкетната комисија навистина имала обемна работа. Не се согласувам во оној дел во кој што се дадоа спектакуларни изјави. Можеби тоа се направени од одредени новинари, не навлегувам во уредувачката политика на било кој медиум, па некој е виновен, ќе уследи или нема да уследи кривична пријава, од причина што никој не е виновен додека тоа не го утврди соодветен орган.

Меѓутоа, дека има индиции имавме можност и ние како пратеници да го прочитаме, според она што нам ни беше доставено како материјал. Можеби постапката која понатаму ќе следи ќе ослободи одреден дел на луѓе кои овде се насочени како можни виновници за невин. Меѓутоа, реков, тоа е работа на соодветните органи кои треба тоа да го вршат во својата натамошна извршна постапка.

Меѓутоа, да се тврди овде дека некој сака некого насилно само заради тоа што е претставник на опозиција да го дискредитира, јас мислам дека не е вред од проста причина што под влијание на работата на овие анкетни комисии многу моќни политички имиња во светот, како што е еден Вили Клас, паднаа, па не гледам причини зошто и наши одредени локални, или ако сакате републички, државни моќници не може да ги снајде таква судбина, се разбира ако вршеле криминални дејанија во текот на својата работа.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (Продолжение)

Овде исто така имавме можност да слушнеме дека Анкетната комисија се формира за утврдување на политичката одговорност на оние кои моментално се на власт. Точно е, така е наведено во Уставот, Меѓутоа, нас како партија на власт, особено во коалицијата не не ослободува од обврските ваквата Анкетната комисија да ја формираме по завршувањето на работата на оваа Комисија, оваа или некоја друга комисија во друг состав, бидејќи Собранието пред се има законодавна, меѓутоа и контролна улога во државата врз сите министерства, односно комплетно на целата Влада на Република Македонија, па и сите оние кои учествуваат во Владата, а се од овој состав, јавните набавки ги стави комплетно под лупа на нас пратениците и воопшто на јавноста, од причина што секој еден што грешел, без оглед дали е во оваа или во минатата власт, рекол треба да сноси санкции и конечно во оваа држава да се знае што е чесно а што е нечесно, дека никаква политичка функција никого не го амнестира и во ниедно време. Не е важно дали сега или подоцна, правдата треба да стигне, навистина до секој.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Ѓулистана Марковска.

Дали г-динот пратеник Чедо Петров чувствува потреба да одговара.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Само уште два збора.

Сакам да го потенцирам уште ова дека на оваа седница не се води материјална расправа по материјалот.

Мислам дека денес беше барање за пролонгирање на рокот. Инаку, се стекна впечаток дека ние од Анкетната комисија, слушајќи ги дискусиите на СДСМ, треба да станеме и да им се извиниме што се дрзнавме да ги провериме документите за време на нивното владеење.

Господа, вие, исто така како и целата позиција гласавме да се конституира оваа Анкетна комисија и да ја изврши работата чесно и поштено, Ниту јас, а верувам дека ниту еден член од Анкетната комисија сме немале намера да оцрнуваме некого како поединец, партија или не знам што. Вие проверете си ги вашите редови и вашето работење во тој период.

Благодарам, а предметите за две министерства и три јавни претпријатија се дадени, со молба да се стават на дневен ред на 28 јули 1999 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Чедо Петров.

Има збор пратеникот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Колеги пратеници, дами и господа, не знам зошто а мислам лично дека не би требало тоа така да се разбере, дека целата задача што ја има оваа Комисија дека се однесува на СДСМ. Доколку тоа така би го разбрал или на пример доколку токму така би била насочена работата на Комисијата, навистина јас не се согласувам.

Меѓутоа, не мислам дека тоа е целта на Комисијата. На крајот на краиштата и еден поголем дел од минатиот период СДСМ не беше самиот на власт. Имаше коалициона Влада. И на крајот на краиштата претпоставувам, доколку имало и некои или се докажат некој конкретни однесувања, кои во себе имаат кривични елементи дека не мора да значи оти тие секогаш се сврзани со носителите на власта, на функциите во власта, затоа што во такви периоди можат да преземат на своја рака разни личности кои се носители на одговорни позиции, независно во кој рамки и кое ниво. Самите ние во водењето на овие дебати, на овие дискусии, барем јас добив таков впечаток дека станува збор за СДСМ, а и од страна на припадниците на партијата некако тоа е така разбрано. Мене тоа баш ме чуди. Јас тоа така не го разбирам.

Исто така се согласувам дека ќе треба Собранието да донесува пресуди, ниту може. Од друга страна сепак еден дел во своите ингеренции и надлежности има право да презема активности во рамките на своите ингеренции и она што ќе го констатира да го изнесе не со прејудицирање или со квалификации, туку со онаа форма, со оние формулации кои се својствени на Собранието и на неговите надлежности.

Исто така, квалификациите за одредени личности во текот на оваа фаза на работа на оваа Комисија, се согласувам дека не е добро да се издејствуваат од говорницата категорично, затоа што Парламентот не е судница, тоа е точно. Тоа сепак останува прашање на убедувањето со каков израз ќе настапи било кој пратеник.

Меѓутоа, од друга страна, тоа е едната страна која, претпоставувам, треба да се однесува на парламентарната коалиција на мнозинството, но од друга страна исто така е неприфатливо да не се изнесуваат размислувања за еден минат период на кого бевме сведоци, иако не треба да се земат ни од далеку како критериуми тврдењата на јавните медиуми. Меѓутоа, во минатите 8 години ние бевме сведоци на конкретни фасцимили, кои се објавуваа во печатените медиуми.

Значи, сепак има место оваа собраниска комисија да работи сериозно и нејзината работа да ја почитуваме. Она што може човек кој би сакал дури надвор од Парламентот неутрално да се однесува кон оваа работа, да ја прима и да ја реализира, очигледно барем во најмала рака станува збор за очигледно погрешни потези од позиција на функции, барем во најмала рака, кои надвор од Парламентот, доколку други инстанци би ги презеле и би обрнале на нив внимание, можеби ќе донесат и одредени конкретни ако станува збор за судот, пресуди. Но тоа е нивна работа. Тоа не е наша работа. Наша работа е во доменот што е очигледно на погрешните потези од таква позиција. Јас во овој случај би спомнал еден пример зошто тоа така го разбирам.

Со сето почитување кон една манифестација како што е Скопскиот џез фестивал, затоа што има свое реноме и навистина е почитувана од луѓе кои таа сфера и ја сакаат и умеат да ја респектираат. Меѓутоа, инвестирањето во една таква манифестација има свои патишта како би требало да се направат преку легални, мислам надлежни владини ресори или пак преку спонзорирање. Навистина, начинот на кој се прифати еден дел во тоа спонзорирање некако премалку соодветствува и на пример му било тоа, иако не соодветни во тој случај, максимално поддржано доколку на пример соодветното министерство кое инвестирало преку свои фондови, за кои не можам да зборувам дали се во ред или не се во ред, доколку по одредени можности за инвестирање ги насочило на пример во една сфера за кое има и надлежност да обрне внимание. Тоа е сферата на заштитата на археолошките локалитети, заштита и реставрација на културно историските споменици од било карактер да се, знаеме дека се прави предмети кои се битни, кои имаат зад себе век, два, три или 10 векови, знаеме со археолошките локалитети какви диви копачи има. Тогаш дури и да не соодветствувале тие фондови, мислам дека незнам дали би се нашол човек кој би ставил забелешки. А во овој случај како еден пример го велам, очигледно станува збор, според мене, сепак, несоодветни потези затоа што имаме 10 пати поголеми приоритети во други насоки отколку за овој навистина ценет фестивал. Исто во тој контекст, и сегашната Влада треба, мислам дека и така работи, домашното производство да го стимулира и да го зема секогаш во предвид далеку повеќе отколку другото. Меѓутоа, и во тој домен ако има одредени постапки кои се правени под услови кои се надвор од нормалните во склучувањето на ангажманите, оваа Комисија треба да ги регистрира.

Би заклучил со тоа дека се согласувам во Парламентот да не се злоупотребуваат посебно и да се пристапува со внимание посебно кон споменуваше и именување на личности додека нештата не се докажат. Меѓутоа и од друга страна да не се покажува и преосетливост дека постапката е злонамерна, затоа што јас не ја разбирам минатата гарнитура на власт, навистина, само во СДСМ без разлика што имаше, според тие околности на тие избори, огромно мнозинство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Пауновски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес со една констатација.

Ние навистина веќе почнавме материјална расправа, по нешто што уште не сме го добиле.

Ние тоа ќе го добиеме и ќе водиме расправа.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

64 пратеници гласаа "за", "воздржани" нема и 6 пратеници се "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Почитувани дами и господа, бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 21-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 17,45 часот).